The Global Language of Business

# Довербата започнува со следливост

## Поврзување на точките со GS1 стандардите



Повеќе од една деценија, GS1 Глобалниот Стандард за Следливост е во првите редови за водење на имплементацијата на решенија за следливост, од изворните снабдувачи до потрошувачите. Сепак, многу нешта се сменија.

Постои чувство на итност да се создадат подобри решенија за следливост и потреба за зголемена транспарентност меѓу трговските партнери и потрошувачите.

Трговските партнери, потрошувачите и регулаторите - сите бараат брзи, точни и целосни информации до кои може да се пристапи преку системите за следливост.

Новиот GS1 Глобален Стандард за Следливост ја обезбедува потребна рамка за да се осигура дека системите за следливост се интероперабилни и скалабилни, каде што трговските партнери можат лесно да соработуваат и да споделуваат информации за видливоста низ целиот синџир.

Отповикувањата можат да бидат побрзи и попрецизни, да се провери автентичноста на храната и производите за широка потрошувачка и да се зголеми довербата на потрошувачите .

Сето ова е можно со GS1 Стандардите за Следливост.

## Светот на предизвици

Секојдневниот живот на потрошувачите се врти околу „довербата“. Кога јадат портокали или вечераат во омилените ресторани, потрошувачите веруваат дека нивната храна е свежа и безбедна. Секој ден, потрошувачите ја даваат својата доверба на синџирот на снабдување и многуте учесници во процесите кои ја допираат храната и производите што ги консумираат и користат.

Сепак, Светската Здравствена Организација во своите извештаи објавува дека секоја година околу 600 милиони луѓе - се разболуваат по јадењето контаминирана храна, а 420.000 од нив умираат. Сериозни ескалации на болести предизвикани од храна случија на секој континент во изминатата деценија.[1]

Загадувачите исто така ја оштетуваат продуктивноста, профитот и репутацијата. За прехранбената индустрија на САД, контаминацијата претставува проблем со безбедноста вреден 55,5 милијарди долари за брендовите кои се засегнати од отповикувањата.[2]

Како одговор на состојбата, владите низ целиот свет презедоа чекори со регулаторни дејства за заштита на граѓаните.




Законот за модернизација на безбедноста на храната донесен во САД (Food Safety Modernisation Act) воведе широки реформи кога станува збор за спречување на контаминација во синџирот на снабдување со храна.

Потрошувачите, исто така, ја засилуваат борбата да бидат слушнат нивните гласови. Тие сакаат информации - повеќе од кога било досега - за производите што ги купуваат и за храната што ја конзумираат. Новата генерација потрошувачи - две милијарди „миленијалци‟ низ целиот свет - е подобро образована за тоа што е добро (и безбедно) за нивните тела и за животната средина.

Во исто време нивното користење на технологијата, љубовта кон е-трговијага и приоритетот за водење здрав и безбеден животен стил го редефинира искуството за купување на потрошувачите.

Иако овие предизвици не се нови, тие се интензивираат.

[1] “World Health Day 2015: From farm to plate, make food safe,” April 2015, http://www.who.int/foodsafety/areas_work/foodborne-diseases/ferg/en/
[2] “Why Our Food Keeps Making Us Sick,” Fortune, May 2016, http://fortune.com/food-contamination

## Подобрување – каде што е потребно

Трговските партнери имаат голема потреба за капацитети за следливост изградени врз интероперабилност и приспособливост, инаку ефикасноста на синџирот на снабдување се жртвува како што бизнисот расте и се прилагодува на новите предизвици.

За да се усогласат со прописите и да ги исполнат очекувањата на потрошувачите, трговските партнери ги засилуваат стратешките активности имплементација на рашенија на стоките за широка потрошувачка, свежа храна и храна од-крај-до-крај во синџирот на снабдување.

Тие ја препознаваат потребата за споделување на информации едни со други во синџирот на снабдување, не само во рамките на нивната сопствена компанија и со нивните директни трговски партнери - туку напред со добавувачите и station наназад до потрошувачите. Користејќи сопствени системи, многу организации денес можат да обезбедат следливост на производите купени од и продадени на директните трговски партнери, но сепак, тие не можат да имаат корист од информациите за следливост од засегнатите страни кои се наоѓаат на нагорно и низводно ниво.

Постојат различни решенија со кои се прави обид за пополнување на овие празнини за следливост на трговските партнери. Сепак тие ретко се засноваат на отворени стандарди и затоа се ограничени кога станува збор за интеграција, интероперабилност и приспособливост.

## GTS2 – солидна основа за подобрена следливост

За решенијата за следливост потребни за решавање на денешните предизвици, сите засегнати страни имаат потреба од информации кои се едноставни за пристап, точни и лесно разбирливи.

Безбедноста на храната и на производите за широка потрошувачка зависи од решението за следливост од новата генерација. Во самиот центар на нештата е GS1 системот на стандарди и новото освежување GS1 - Глобалниот Стандард за Следливост (GTS2).

GTS2 нуди едноставна, user-friendly методологија и рамка која трговските партнери  можат да ги користат за да дизајнираат и да обезбедат интероперабилност низ нивните системи за следење - побрзо и полесно од кога било досега.

GS1 стандардите им овозможуваат на сите засегнати страни уникатна идентификација на прехранбените и потрошувачките производи, добивање и споделување информациите за нив, долж нивниот пат од точка до точка низ синџирот на снабдување.

GS1 стандардите обезбедуваат основа неопходна за системи за следење на крај-до-крај. Со градење на системи за следење врз основа на глобалните, отворени GS1 стандарди, трговските партнери можат да пристапат, да ги комбинираат и анализираат податоците од различни извори нагорнино и низводно.

## GS1 стандардите и податоците – комбинација за следливост

Системите за следливост се напојуваат со податоци. Пристапот до релевантни податоци од страна на сите трговски партнери има критична важност кога треба да реагираат на ситуации како што се отповикување храна или спречување на фалсификати да влезат во синџирот на снабдување.

Тоа вклучува собирање, складирање и известување со детални информации за секој важен настан во текот на набавката и производството. Овие информации потоа можат да се користат на многу различни начини за подобрување на работењето или за решавање на други предизвици.

Но, податоците за следливост можат да се користат и за многу повеќе од решавање на кризи. На пример, податоците и аналитиката на податоци станаа еден од најважните начини за организациите да ги контролираат и проактивно да ги следат нивните снабдувачки синџири.

GTS2 целосно го користи EPCIS - GS1 стандард за споделување на податоци за следливост помеѓу трговските партнери за физичкото движење и статусот на производите во синџирот на снабдување.

Како што единиците патуваат од добавувачот до производителот, а потоа и до дистрибутерот и операторот на храната и малопродажбата, а на крај и кон потрошувачот, се генерираат податоци за следливост на секој чекор од патот.

EPCIS и неговиот Core Business Vocabulary стандард овозможуваат различна примена во креирањето и размената на податоци за настаните кои имаат критична важност за интероперабилните системи за следливост. Овие податоци на сите засегнати страни им обезбедуваат увид и одговор на прашањата „кој", „што", каде", „кога", и „зошто" во синџирот на снабдување.

- Кој или кои страни се вклучени?
- Кој е примарниот производ што се следи?
- Каде се случиле овие движења или настани?
- Кога се случи движење или настан што го вклучил тој производ?
- Зошто во тоа време беше производот на таа локација?
- Кој бизнис процес се случува?
- Кои бизнис трансакции се одвиваат?

## Довербата се гради со транспарентност

Со GS1 следливоста, сите засегнати страни, вклучувајќи ги и потрошувачите, имаат корист од транспарентноста преку која се доаѓа до пристап до точни и динамични информации за храна и производи за широка потрошувачка - од каде доаѓаат, каде биле, како се постапувало со нив, заедно со одговорите и на други релевантни прашања.

## Безбедност на храната

Целосни и прецизни информации за производот, давајќи им на потрошувачите видливост на состојките и потенцијалните алергени. Минимизирање на ризикот од болест предизвикана од храна преку следење на соодветна контрола на температурата и спречување на продажба на производ со изминат рок на траење. Побрзо и поточно отповикување на небезбедна храна и производи за широка потрошувачка.

## Автентикација на производот

Фалсификуваните производи и неовластената дистрибуција може да се откријат со помош на решенија за автентикација овозможени според GS1 стандардите.

## Регулаторна усогласеност

Следливоста со GS1 стандардите им помага на трговските партнери полесно да се придржуваат кон регулаторните барања во светот - денес и во иднина.

## Презизно отповикување во покус рок

Имајќи ги информациите за следливост на располагање, трговските партнери, потрошувачите и регулаторите, можат да реагираат побрзо и со поголема прецизност кога ќе биде потребно да се направи отповик на производи.

## Имајте доверба во решенијата за следливост поддржани од GS1 Стандардите

## Како да започнете?

Контактирајте со GS1 Организациите во 112 држави во светот или со Глобалната GS1 Организација.

**www.gs1.org/contact/overview**



## За GS1

GS1® е неутрална, непрофитна организација која обезбедува глобални стандарди за ефикасна деловна комуникација. Најдобро е позната по баркодот, наречен е 0во 2016 година од страна на Би-Би-Си како еден од „50-те работи што ја направија светската економија“. GS1 стандардите ја подобруваат ефикасноста, безбедноста и видливоста на синџирите на снабдување низ физички и дигиталните канали во 25 сектори. Ние им овозможуваме на организациите од сите видови и големини лесно да ги идентификуваат, добиваат и споделуваат информациите. Нашиот обем и опсег - локални организации членки во 112 земји, 1,5 милиони кориснички компании и 5 милијарди трансакции секој ден - помагаат да се обезбеди дека стандардите на GS1 создаваат заеднички јазик кој поддржува системи и процеси низ целиот свет. Дознајте повеќе на: www.gs1.org.

**GS1 Global Office**

Blue Tower, Avenue Louise 326, bte 10, Brussels, B-1050, Belgium
**T** +32 2 788 78 00 | **F** +32 2 788 78 99 | **E** contactus@gs1.org
**www.gs1.org**

Connect With Us

GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL.
All contents copyright © GS1 AISBL 2018